| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за село Џепиште, Општина Дебар |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Д.П.Т.У. ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ, Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Сашко Иванов, д.и.а.<br>бр. овл. 0.0095 |
| Назив на работното место | Управител со неограничено овластување во внатрешниот и надворешниот трговски промет |
| Контакт податоци за лицето | Ул. "Борис Кидрич" бр. 12/16, Битола<br>ivanoveng@t-home.mk |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ДЕБАР - KOMUNA DIBËR
ГРАДОНАЧАЛНИК - KRYETARI
Бр./Nr. 10-1389/1
23.11. 2022 год./viti.
ДЕБАР - DIBËR

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Урбанистичкиот план за село Џепиште, Општина Дебар ќе се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Предлог планската програма треба да овозможи изработка на Урбанистички план за село со кој ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите во рамките на планскиот опфат. Предлог планската програма е изработена од страна на правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови и истата ја одобрува Градоначалникот на Општината. Урбанистичкиот план за село Џепиште, Општина Дебар ќе се изработува како план со генерална регулација што е во согласност со член 14, став 2, точка 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Просторот во рамките на планскиот опфат досега не е третиран со урбанистичка планска документација. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Задача на планската документација е изработка на Урбанистички план за село, со која ќе се постигнат следните цели:<br>- Усогласување на Урбанистичкиот план за село со поставките на Просторниот план на РМ;<br>- Усогласување со Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ издадени од страна на Агенцијата за планирање на просторот со техн.бр. Y21622 од јуни 2022 год., а за кои од Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение со бр. УП1-15 1223/2022 од 30.06.2022год.<br>- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;<br>- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и | | | |

пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;

За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:
- заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
- заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
- движење на лица со посебни потреби;
- урбано зеленило и озеленетост;
- други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

Урбанистички план за село Џепиште, како плански развоен документ треба да го постигне следното:
- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи од повисоко ниво;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето (како необновлив ресурс) и системите на инфраструктурата; и
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2022- 2032 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

10 години.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Џепиште, Општина Дебар е дефиниран во графичкиот прилог – ажурирана геодетска подлога и е со вкупна површина од 31,79 ха. Планскиот опфат на УПС Џепиште се наоѓа во КО Џепиште. Границата на планскиот опфат претставува затворена полигонална линија која ги поврзува прекршните точки.




Езеро Шпиље
Центар Жупа
Праленик
Равен
Брочиште
Осолница
Дебар
Ценште
Мала Краста
Равна гора
Манастирец
636
645
663
773
733
777
761
759
891
828
833
A




| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| **Потенцијални влијанија врз животната средина на планскиот документ.**<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој план, може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии, несоодветно управување со суровините и материјалите. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Според Пописот од 2002 год. демографски податоци за Општина Дебар се следни: број на жители 19542, домаќинства 3917 и станови 4606.<br>Во селото Џепиште живеат 499 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Доколку нема влијание врз животната средина, ранливоста на областа која ќе биде засегната е незабележителна.<br>Со реализацијата на овој план се зголемува вредноста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ од економски и социјален аспект.<br>Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и тоа:<br>- Рамномерен просторен развој; | |

| | |
|---|---|
| - Рационално уредување и користење на просторот;<br>- Создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните;<br>- Надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;<br>- Одржлив просторен развој;<br>- Сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата;<br>- Справување со климатските промени;<br>- Сочувување и заштита на недвижното културно наследство и<br>- Безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.<br>Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:<br>- Интегрален пристап во планирањето;<br>- Грижа и развој на регионалните особености;<br>- Остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес;<br>- Јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>- Инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>- Хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето;<br>- Уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет за изработка на Урбанистички план за село Џепиште, КО Џепиште, Општина Дебар, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Согласно податоците од Министерство за култура- Управа за заштита на културното наследство, на подрачјето на планскиот опфат и неговата непосредна близина се евидентирани недвижни културни добра и тоа археолошки локалитети:<br>1. "Извор" (некропола од римското време) со ЕМБ 4-808-040/139 ЕНД;<br>2. "Гробој" (средновековна некропола);<br>3. "Параспур" (населба од римското време со ЕМБ 4-808-040/141 ЕНД);<br>Воедно во границите на планскиот опфат постои евидентирано недвижно културно наследство:<br>1. Црква Св. Архангел Михаил со ЕМБ 4-808-040/037 ЕНД; |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | При спроведување на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и сосдадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите** | |

| |
|---|
| **за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Урбанистичкиот план за село како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организирани простори со различни намени, одредување намена за поедини градежни парцели со компатибилни класи на намена на основната намена која е дефинирана со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец и тоа имајќи ги предвид природните погодности и ограничувања преку анализата на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.<br>Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија. Мултиплицирано ќе се овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.<br>Урбанистичкиот план за село како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организирани простори со различни намени, одредување намена за поедини градежни парцели со компатибилни класи на намена на основната намена која е дефинирана со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец и тоа имајќи ги предвид природните погодности и ограничувања преку анализата на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.<br>Овие цели треба да се остварат преку утврдување на систем од правила и условености преку кој контролирано ќе се поттикне градежната активност во рамките на локалитетот, притоа водејќи сметка за зачувување на јавниот интерес. Од урбанистички план се очекува да се препознаат потребите и потенцијалот за иден развој на предметниот локалитет, и да се понуди рационално, технички издржано и естетски квалитетно решение.<br>Намена на земјиштето и градбите е планска одредба во урбанистички план со која се остваруваат основните цели на урбанистичкото планирање, како штое создавањето и унапредувањето на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со меѓусебно усогласена и урамнотежена разместеност на човечките дејности и активности во просторот, како и хармоничен и одржлив развој и заштита на интегралните вредности на просторот.<br>Согласно со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20) во рамки на планскиот опфат не се предвидува изградба на објекти од загадувачка или помалку загадувачка индустрија (Г1 и Г2) кои би имале влијание врз животната средина на планираните објекти во опфатот на планскиот документ.<br>Наведените класи на намена ќе се дополнат со компатибилни класи на намени согласно член 80, член 81, член 82, член 83 и член 84 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20).<br>Урбанистичкиот план за село потребно е максимално да ги почитува поставките на Просторниот план на РМ, важечкиот УП за село, Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20). |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за комунално уредување и екипирањето на населените места.<br>Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно: |

| |
|---|
| Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани објекти;<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад;<br>Природно наследство: Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот ксј е предмет на разработка нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата, подобрување на условите за живеење;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>За предметниот опфат како показател користени се одредбите од Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот- Скопје, Република Македонија.<br>Исто така, овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено стратегиска оцена на заштита на животна средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на** |

| | |
|---|---|
| **објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Д-р Хекуран Дука |
| Бр. ____________<br>Датум: ___.11.2022<br>Место: Општина Дебар | М.П. |